Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08 - 412/5
31-10-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 412 од 10.8.2022 година, поднесена од [redacted] Скопје против [redacted] за сторена дискримнација врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, сексуална ориентација, етничка припадност, личен и општествен статус, родов идентитен во областа на јавно информирање и медиуми врз припадниците на ЛГБТИ+ заедницата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 31.10.2022 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ И ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ, ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет сторено од [redacted] врз ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавно информирање и медиуми.

## Образложение

На 10.08.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] против [redacted] за сторена дискриминација врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, сексуална ориентација, етничка припадност, личен и општествен статус, родов идентитен во областа на јавно информирање и медиуми врз ЛГБТИ+ заедницата.

Во поднесената претставка се наведува дека [redacted] на ден 07.08.2022 во 10:40 часот, со објава на текстуална содржина - статус и фотографија, од својот профил на социјалната мрежа Facebook во јавноста ширел расистички и ксенофобичен пишан материјал кој промовира и поттикнува омраза против маргинализирана група, со следниот текст : "Твориме со радост! :) НАТО нè чува, нè радува! :) Инспирирано од минисерката за култура."- https://m.facebook.com/story.php?story_fbid=pfbid0bF29EHQHjYWyWWDsCZmp56ZTPiWH1CxQxoLo8DorKxSmsLQJtmz57s9n44TQwXiVl&id=1084939516.

Во претставката е наведено дека истиот пост бил предмет на лајкови, коментари и споделувања меѓу другите учесници на социјалната мрежа, со што се поттикнало омраза кон ЛГБТИ+ заедницата. Наведени се и неколку коментари под постот: "Ова педеранава од НАТО се војска или???", "Ke ne iscuvaat pederistata,aha...", "У НАТО СВЕ Е ПЕДЕРАНА, ИЗГЛЕДА".

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од приложените докази констатира дека ваквите тврдења се веројатни и согласно член 24, став 7 во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 11.08.2022 година испрати Известување бр. 08 - 412/2 за произнесување по наводите од претставката до [redacted]. Откако до Комисијата не пристигна одговор во законскиот рок, на ден 05.09.2022 Комисијата повторно испрати Известување бр.08 - 412/3 за произнесување по наводите. До Комисијата не пристигна одговор во законскиот рок ниту по второто Известување за произнесување.

Од причина што тврдењата изнесени во претставката беа веројатни и товарот на докажување беше префрлен врз потенцијалниот дискриминатор, кој не се произнесе по наводите од претставката и не го докажа спротивното, Комисијата ги ценеше исклучиво наводите содржани во претставката.

Содржината на приложената објава Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја квалификуваше како вознемирување кон ЛГБТИ+ заедницата, согласно член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„ Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.“*

Откатко ги објавил посочените содржини, ги оставил на својот профил и поттикнал тие да бидат предмет на лајкови и споделување, со што воедно предизвикал дополнителни коментари со вознемирувачка содржина кон ЛГБТИ+ заедницата под својата објава. Со конкретните дејствија [redacted] ја исполнил законската дефиниција за повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација од член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа“*

Согласно своите надлежности, врз основа на горенаведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот дека [redacted] сторил вознемирување и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација кон ЛГБТИ+ заедницата, врз основа на нивната сексуална ориентација и родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврденото вознемирување и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

# ПРЕПОРАКА

Се препорачува на [redacted] да ја избрише спорната содржина и да упати јавно извинување кон ЛГБТИ+ заедницата. Откако ќе објави јавно извинување, за тоа да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација му препорачува на лицето [redacted] во иднина да се воздржи од објавување содржини кои повикуваат или поттикнуваат дискриминација, како и содржини кои продуцираат вознемирувачка содржина.

Доколку [redacted] не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
31.10.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до:
[redacted]


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk